д-р Вера Стојановска
и



**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1145**

**Скопје, 2 мај 2017 година**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ДИДАКТИКА, ПЕДАГОГИЈА И МЕТОДИКА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 24.III 2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): *дидактика, педагогија и методика*, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-53/20, од 19.IV 2017 година, донесена на XXXIV редовна седница одржана на 19.IV 2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Снежана Адамческа, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје (во пензија), д-р Анета Баракоска, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје и д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска, редовен професор на Педагошкиот факултет Св. Климент Охридски во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): *дидактика, педагогија* и *методика*, во предвидениот рок се пријави, како единствен кандидат, д-р Вера Стојановска, редовен професор на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### 14. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката проф. д-р Вера Стојановска е родена на 15.4.1965 година, во Куманово. Основно и средно образование завршила во Скопје. На ННСГ за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје, се запишала како редовен студент во учебната 1983/1984 година. Студиите ги завршила во 1987 година, со просечен успех 9,96. Како студент со постигнат висок успех на студиите, била стипендист на Републичкиот фонд за талентирани ученици и студенти. По повод 40-годишнината од основањето на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, доделена ѝ е повелба во знак на признание за завршување на студиите на Филозофскиот факултет со највисок среден успех постигнат меѓу двата јубилеја на Универзитетот.

Кандидатката активно се служи со англискиот и српскиот јазик.

Во 1988 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за педагогија, на дидактичко-методска насока. Студиите ги завршила на 2.VII 1994 година со одбрана на магистерски труд на тема: *Акцелерација на учениците во основното училиште* и се стекнала со академскиот степен магистер по педагошки науки.

Докторската дисертација на тема: *Кооперативна активност на училишниот педагог и наставниците во основното училиште* ја одбранила на 2.VII 2002 година на

Филозофскиот факултет во Скопје, пред Комисија во состав: проф. д-р Благородна Лакинска, проф. д-р Бранко Петровски, проф. д-р Марија Костова, проф. д-р Натка Мицковиќ и проф. д-р Киро Камберски и со тоа се стекнала со научниот степен доктор по педагошки науки.

Д-р Вера Стојановска својата професионална кариера ја започнала веднаш по дипломирањето, кога за првпат стапила на работа како приправник на Институтот за педагогија на 1.V 1988 година. По истекот на приправничкиот стаж, односно од академската 1989/1990 година била избрана во звањето помлад асистент по предметите *Дидактика* и *методика* на Институтот за педагогија и реизбрана 1992 година во истото звање по предметите: *Дидактика, советување и ориентација* и *Методика*. Во 1995 година била избрана во звањето асистент по истите предмети. Од академската 1995/1996 година, ангажирана е и во изведувањето на вежбите и колоквиумот по предметот *Дидактика со специјална дидактика* на Институтот за дефектологија. Во 2001 година, д-р Вера Стојановска била избрана во звањето асистент по предметите: *Дидактика, советување и ориентација* и *Дидактика со специјална дидактика*.

По докторирањето, во 2002 година, била избрана за доцент по предметите: *Општа Дидактиката, Методологија на работата на педагогот* и *Дидактика со специјална дидактика* и *педагогија* (општ курс), а во 2007 година е избрана за вонреден професор за научните области (дисциплини): *дидактика, педагогија* и *образование со примена на компјутер*. На 19.X 2012 година е избрана во звањето редовен професор на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје за научните области (дисциплини): *дидактика, педагогија* и *методика*.

Во моментот е редовен професор на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр.1035/69 од 16. VII 2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот: бр. 631 од 18.I 1995 година, бр. 710/218 од 12.VI 1998 година, бр. 786/20 од 1. X 2001 година, бр. 818/60 од 8.I 2003 година, бр. 929/172 од 1. XI 2007 година и бр.1035/69 од 16. VII 2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 15. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Вера Стојановска мошне успешно и посветено ја реализира наставата (предавања и вежби) од првиот циклус на студии по предметите: *Општа дидактика I (дидактика I), Општа дидактика II (дидактика II), Методика на работа на училишниот педагог* – задолжителни предмети, *Училишна педагогија, Училишна докимологија, ИКТ во наставата, Образовна технологија* – изборни предмети, со студентите од Институтот за педагогија, *Специјална дидактика* со студентите од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет, *Педагогија* со студентите од Природно – математичкиот факултет (до академската 2014/2015 година), како и *промоција на Здравје и здравствено воспитание* (делот од предметната програма

за педагогија и дидактика), со студентите од тригодишните стручни студии (медицински сестри-техничари, радиолошки технолози, логопеди и физиотерапевти) при Медицинскиот факултет во Скопје.

Во рамките на Студиската програма за стручно професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции/ППМ-доквалификација, кандидатката реализира настава и испити по предметите: *Педагогија*, *Училишна докимологија*, *Училишна организација* и *Педагошка комуникација*.

Д-р Вера Стојановска е ангажирана и во изведувањето на наставата и испитите на вториот циклус (магистерски) студии по педагошки науки и менаџмент во образованието на Институтот за педагогија по предметите: *Воспитно-образовен процес*, *Современи образовни технологии*, *Евалуација на образованието*, *Управување на квалитетот на образованието*, *Комуникации во образовните организации*, *Ефективно училиште*, *Развој на курикулум*, како и на втор циклус студии по менаџмент на човечки ресурси во општествените организации, по предметите: *Психолошко-педагошки основи за развој на квалитет во образованието* и *Науката* и *комуникации и водство во организациите*. Освен тоа, таа е акредитиран ментор на трет циклус (докторски) студии од подрачјето на општествените науки-педагогија на Институтот за педагогија, каде што е носител на предметните програми по: *Мултимедијална дидактика*, *Управување и стручно – педагошко водење на училиштето* и *Моделирање на воспитно-образовниот процес*.

Во периодот по изборот во звањето редовен професор, канидатката била ментор на 42 дипломски труда, како и член во Комисија за одбрана на 22 дипломски труда. Исто така, била член на повеќе комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови од студиските програми за втор циклус (магистерски) студии по: Педагошки науки (18), Менаџмент во образованието (17) и Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности (3), како и на комисии за оценка на докторски дисертации.

Кандидатката д-р Вера Стојановска е коавтор на универзитетски учебник со наслов *Промоција на здравје и здравствено воспитание*, објавен во 2014 година, во издание на Универзитет Св. Кирил и Методиј, Медицински факултет - Скопје.

Учебникот *Промоција на здравје и здравствено воспитание* има комплексна содржина која дава теоретски знаења и насоки за практични активности, за концептот, улогата и задачите на промоцијата на здравјето и здравственото воспитание. Овој учебник е наменет за студентите на тригодишните стручни студии (медицински сестри-техничари, радиолошки технолози, логопеди и физиотерапевти) при Медицинскиот факултет во Скопје, но и за сите оние што имаат потреба да го прошират своето знаење во областа промоција на здравјето и здравственото воспитание. Тој е изготвен од мултидисциплинарен тим на стручњаци од повеќе високошколски институции.

Во функција на обезбедување потребен материјал на студентите за успешно совладување на содржините од предметните програми кои кандидатката ги реализира на првиот и на вториот образовен циклус, таа има изготвено неколку пакет-материјали, кои претставуваат избор од соодветни (оригинални или адаптирани) текстови.

Освен тоа, д-р Вера Стојановска е рецензент на универзитетскиот учебник: *Општа и педагошка комуникологија*, објавен во 2016 година, чијшто автор е проф. д-р Татјана Котева–Мојсовска, во издание на РИ-Графика – Скопје.

За воведувањето на новиот концепт за стручно професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции, д-р Вера Стојановска има изготвено неколку нови предметни програми (*педагогија*, *училишна докимологија*, *училишна организација*

и *педагошка комуникација)* кои се составен дел на акредитираната Студиска програма за ППМ-доквалификација, којашто се реализира на Филозофскиот факултет во Скопје.

Активностите кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, а кои се релевантни за изборот се наведени во табелата во Анекс 2, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Од приложената документација може да се согледа дека д-р Вера Стојановска има објавено респектабилен број на трудови со оригинални научни резултати во различни меѓународни научно-стручни списанија, како и во зборници на трудови од научно-стручни собири со меѓународен уредувачки одбор.

Кандидатката има објавено вкупно 17 научноистражувачки трудови со оригинални резултати од областа на дидактика, педагогија и методика, од кои 9 труда во меѓународни научни списанија, 1 труд во стручно-научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор и 7 труда во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор. Нејзините објавени трудови се наменски обликувани и претставуваат сериозен придонес во развојот и усовршувањето на носечките стратегиски компоненти главно на теоријата на наставата, како суштинско подрачје во дидактичката наука. Од досегашниот творечки опус на кандидатката евидентно е дека нејзиниот професионален интерес е насочен кон проучување на проблеми од областа на дидактиката и примената на современите образовни технологии во процесите на поучувањето и учењето, од областа на методиката на работа на педагогот и училишната педагогија.

Како позначајни нејзини трудови кои се публикувани од последниот избор, ги издвојуваме следниве:

- *Teachers from Primary Education about the Implementation of ICT in the Teaching Process.* (2016). International Journal for Education, Reserarch and Training (IJERT) "Ss Cyril and Methodius" University, Skopje, Faculty of Philosophy

Станува збор за вреден и оригинален научен труд во којшто се презентирани современи теоретски сознанија и емпириски наоди во врска со релевантни прашања кои, директно или индиректно, расветлуваат различни аспекти од примената на ИКТ во наставниот процес.

Во овој труд, врз основа на добиените резултати од истражувањето, авторката ја отсликува состојбата во однос на примената на ИКТ во наставната практика, низ призма на видувањата на наставниците. Овде изнесените систематизирани сознанија и идентификуваните бариери при имплементацијата на ИКТ во наставата, како солидна основа, се исползувани за понудените решенија во насока на подобрување на квалитетот на примената на ИКТ во наставниот процес.

- *Training of the Teachers for the Application of ICT in the Teaching Process.* (2016). Some Issues in Pedagogy and Methodology, International Research Institute sro, Komárno, Slovakia.

Во овој труд се презентирани вредни, оригинални емпириски наоди за автоперцепцијата на наставниците од основните училишта за нивната оспособеност за користење на ИКТ во наставниот процес. Резултатите што се добиени со ова истражување покажуваат дека наставниците, и покрај тоа што досега биле организирани разновидни обуки за нивно оспособување за примена на ИКТ во наставата, се на мислење дека не се доволно оспособени за реализирање на овој вид наставна активност. Со ова се актуелизира

прашањето дека за успешна примена на ИКТ во наставата, треба да се направат интервенции во базичното образование на наставниците и да се организираат дополнителни обуки согласно потребите на наставниците за поквалитетна примена на ИКТ во наставниот процес.

- *The pedagogical function of the homeroom teacher into the new concept of primary education in Republic of Macedonia.* (2014). International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (JCRSEE), Vol 2, Issue 1, June

Овој труд претставува оригинална и високостручно обликувана научно – емпириска студија, во којшто се разгледуваат ефектите од воведувањето на одделенскиот час во првите два периода од основното образование, како и ефектите од реализирањето на содржините од програмата за образование за животни вештини. Овде фокусот е ставен на педагошката функција на одделенскиот раководител од неколку значајни аспекти, и тоа: колку наставниците се оспособени за успешна реализација на содржините од наставната програма по животни вештини и колку тие нив успешно ги реализираат, колку наставната програма по животни вештини ги задоволува потребите на учениците во однос на нивниот личен, емоционален и социјален развој и колку предвидените содржини во оваа програма се интересни и разбирливи за учениците. Трудот содржи релевантни податоци во врска со проучуваниот проблем, кои се прегледно претставени и промислено анализирани и коментирани, а исто така, нуди и целисходни сугестии и насоки кои се во функција на подобување на состојбите на ова поле во нашите основни училишта.

- *A national strategy and project activities for implementation of ICT in primary education.* (2013). International Scientific Sympoosium: Education between tradition and modernity, Institute od Pedagogy, Faculty of Philosophy, University „SS. Cyril and Methodius" Skopje.

Овој труд содржи научно вредни информации за стратешките цели за процесот на имплементација на ИКТ во основното образование утврдени со *Националната програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015 година), Националната стратегија за развој на информатичко општество и акциониот план на Република Македонија и Стратегијата за развој на е-содржини 2010-2015"*и динамиката на нивното остварување. Исто така, во него е направен подетален, систематки преглед на состојбите во поглед на реализицијата на повеќе проектни активности преку кои на различни начини во изминатиот период е поддржана интеграцијата на ИКТ во основните училишта.

Врз основа на една опсежна анализа, овде авторката прави проценка на степенот на постигнатоста на целите предвидени во областа на обезбедување на образовната инфраструктура, на ИКТ - кадри и ИКТ – писменост и развој на е-содржини, како и на квалитетот на веќе реализираните проектни активности за имплементирање на ИКТ во основното образование.

- *Students' opinion about professional ethics relation of the teachers.* (2013). International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (JCRSEE), Vol 1, No 2, December.

Оваа емпириска студија претставува значаен и оригинален научен труд, не само со оглед на теоретските сознанија што се изведени врз основа на проучување на релевантни и современи извори, туку и според користената методологија на истражувањето, систематичноста и начинот на презентацијата на емпириските наоди и извлечените констатации.

Во овој труд се разгледува проблематиката на професионалниот етички однос на наставниците кон учениците, од аспект на согледувањата на учениците.

Професионалниот етички однос на наставниците со учениците во овој случај е разгледуван во врска со почитувањето на следниве морални норми: практикување на наставниците на коректен и професинален однос со учениците; поттикнување на учениците за слободно изнесување на нивните идеи и мислење; прифаќање и уважување на различните барања и потреби на учениците; воспоставување со учениците однос на меѓусебна доверба и уважување, почитување на нивната личност и на нивните права; придржување кон принципите на ненасилна комуникација, при комуникацијата на наставниците со учениците во и вон наставата; придржување кон принципите за недискриминација, ненавредување и неприменување нехумано казнување на учениците; објективно вреднување на постигањата на учениците. Од презентираните податоци во овој труд се согледува дека наставниците главно се придржуваат кон моралните норми на однесување со учениците, но не секогаш и не сите наставници нив ги почитуваат. Поради тоа, авторката констатира дека и покрај тоа што моралните норми на однесување на наставниците со учениците се регулирани со определени закони и правилници, сепак, е потребно овој проблем да се регулира со посебен етички кодекс за наставничката професија, на кој начин би се опфатиле и би се прецизирале сите морални стандарди на оваа професија, кон кои треба наставниците да се придржуваат во нивната професионална дејност.

Од анализатата на сите доставени научни трудови на кандидатката д-р Вера Стојановска може да се констатира дека речиси сите претставуваат емпириски истражувања кои се одликуваат со јасно дефиниран предмет на проучување, со примена на соодветна методологија и стручно-научна аргументација. Нивниот квалитет говори за оспособеноста на кандидатката за темелна елаборација на истражуваните проблеми, со јасни белези на продлабочен научен пристап.

Д-р Вера Стојановска има учествувано како член во националниот научен проект: *Водич за практична работа на студентите од наставничките факултети*. Скопје: Мисија на ОБСЕ во Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Филозофски факултет – Институт за педагогија, Министерство за образование и наука на Р. Македонија, Биро за развој на образованието на Р Македонија (2013), како и во националниот научно-истражувачки проект: *Вмрежување на педагозите од Република Македонија и истражување на образовните потреби за зајакнување на нивните стручно-професионални компетенции*, финансиран од УКИМ –Скопје, Институт за педагогија, Филозофски факултет (2015/2016).

Кандидатката била ментор на 9 магистерски и 5 докторски трудови.

Покрај тоа, д-р Вера Стојановска има одржано секциско предавање на научно-стручниот собир со меѓународно учество: International Scientific Conference *Pedagogy in a Modern Global Society* - 70 Years Institute of Pedagogy, оддржан во Охрид на 19-21 септември 2016 година, има учествувано со свои трудови на повеќе меѓународни научно стручни собири, одржани во земјава и во странство, а има објавено и апстракти во зборници од меѓународни конференции.

Врз основа на сите наведени активности можеме да заклучиме дека д-р Вера Стојановска е афирмиран наставно-образовен и научно-стручен работник за областите за коишто конкурира.

Активностите кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, а кои се релевантни за изборот, наведени се во табелата во Анекс 2, со датуми и други релевантни податоци.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

По изборот во звањето редовен професор, д-р Вера Стојановска е активна и на полето на стручно-апликативната дејност во областа на образованието, како на национално, така и на меѓународно ниво.

Автор е на книга од стручна област, под наслов *Соработката меѓу педагогот и наставниците во основното училиште*, која обработува прашање кое е посебно значајно од аспект на квалитетно обавување на воспитно - образовната работа во основното училиштето, што всушност е главна цел на работата на училишниот педагог, па и една од целите на воспитно – образовната дејност на наставниците.

Оваа книга е пионерски обид во нашата Република во којашто темелно се разгледува педагошката теорија и педагошката практика на училишниот педагог и посебно соработката што тој ја остварува со наставниците во основното училиште. Во неа се презентирани современи теоретски сознанија и релевантни емпириски податоци, со чија што анализа д-р Вера Стојановска дошла до оригинални и многу значајни заклучоци и констатации кои се во функција на развојот на педагошката наука, особено во доменот на методиката на работа на училишниот педагогот.

Публикувањето на оваа книга има особено значење и вредност за веќе вработените и идни наставници и училишни педагози. За наставниците воопшто, значењето и вредноста може да се согледа во тоа што тие ќе можат целосно да се запознаат со содржините и работните задачи кои училишниот педагог треба да ги реализира во основното училиште, начинот преку кои може да ги реализира, како и со инструментите кои тој ги користи во соработката со наставниците. А пак, од гледна точка на училишните педагози, ќе биде од огромна помош како водич за успешно остварување на соработката со наставниците во основното училиште.

Д-р Вера Стојановска, во изминатиот период, има остварено повеќе видови на експертски активности и евалуации. Била рецензент на извештај за реализиран научно-истражувачки проект на тема: *Компетенциите на наставниците како основа на наставничката професија*, како и на извештај за реализиран научно-истражувачки проект на тама: *Условите за поддршка на индивидуалните карактеристики на учениците во раниот училишен период од основното образование*. Освен тоа, таа има рецензирано 4 научни монографии и една книга од стручна област, 10 трудови за меѓународното научно- стручно списание *International Journal of Scientific Research in Information Systems and Engineering*, 5 трудови за научно -стручното списание *Образовни рефлексии*. Кандидатката била координатор за подготовка на елаборат за нова акредитација на студиска програма за втор циклус (магистерски) студии по педагошки науки на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје за академската 2013/2014 година, имала професионален ангажман за евалуација на квалитетот на реализацијата на Нансен моделот за интеркултурно образование, за потребите на проектот: Имплементација на концепцијата за интеркултурно образование и учествувала на две работилници во врска со *Упатството за наставна пракса на студенти – идни наставници, воспитувачи и педагози*, одржани во Струмица (17-19 мај 2013 и 1-3 јули 2013), во рамките на проект на OSCE (Organization for Security and Co-operation in Europe Mission to Skopje), како и на тркалезната маса *Дискусија за Основните професионални компетенции за стручните соработници во училиштата*, одржана во Скопје на 27 мај 2014.

Д-р Вера Стојановска била обучувач на неколку работилници во кои биле вклучени воспитувачи, наставници и педагози во врска со *Упатството за изведување наставна пракса на студентите од наставничките факултети*, во рамките на проект на OSCE во Скопје, реализирани на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет

- Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во периодот октомври-ноември месец во 2013 година.

Во рамките на дејностите од поширок интерес, д-р Вера Стојановска била вклучена во повеќе видови на активности.

Таа е член на уредувачки одбор во следниве меѓународни научни стручни списанија: International Journal of Scientific Research in Information Systems and Engineering; International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE); International Journal for Education, Reserarch and Training (IJERT).

Во изминатиот петгодишен период, од изборот во звањето редовен професор, д-р Вера Стојановска била уредник на Зборникот на трудови од меѓународиот научно стручен собир: *Education between Tradition and Modernity: International Symposium* (2013). Skopje: Faculty of Philosophy, Institute of Pedagogy и била член на неколку организациони и програмски одбори на научно - стручни собири од национален и меѓународен карактер.

Особена активност кандидатката покажала во работата на повеќе стручни комисии формирани при Филозофскиот факултет во коишто била вклучена, меѓу кои: Комисија за усогласување на студиските програми од II циклус студии на Филозофскиот факултет во Скопје; Комисија за одобрување средства за помагање на издавачка дејност на наставниците и соработниците на Филозофскиот факултет во Скопје; Комисија за научноистражувачка дејност на Филозофскиот факултет во Скопје; Комисија за повторно полагање на испити по предметите: *Воспитно – образован процес* и *Современа образовна технологија* на втор циклус (магистерски) студии на студиската програма по педагошки науки; Комисија за реализирање на испитите по наставните предмети: *Образовен менаџмент, Економика на образование, Менаџирање на социјален сектор;* Поткомисија за подготовка на елаборат за нова акредитација на студиска програма по педагогија (прв циклус студии) за академската 2018/2019 година – Институт за педагогија, Филозофски факултет во Скопје.

Била член на девет комисии за избор на наставник во сите наставно-научни звања. Од 2009 година до денес, таа е раководител на втор циклус (магистерски) студии на студиската програма по педагошки науки на Институтот за педагогија.

Активностите кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност, а кои се релевантни за изборот, наведени се во табелата во Анекс 2, со датуми и други релевантни податоци.

## Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Вера Стојановска во изминатиот период, од изборот во звањето редовен професор, има добиено позитивни оценки од анонимно спроведените анкети со студентите од Филозофскиот факултет во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Вера Стојановска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Вера Стојановска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде реизбрана во звањето редовен професор во научните области (дисциплини): *дидактика*, *педагогија* и *методика*.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Вера Стојановска да биде реизбрана во звањето редовен професор во научните области (дисциплини): *дидактика*, *педагогија* и *методика*.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

10. Проф. д-р Снежана Адамческа с.р.

11. Проф. д-р Анета Баракоска с. р.

12. Проф. д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска с..р.

Анекс 2

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** *Вера Зоран Стојановска*

**Институција:** *Филозофски факултет -Институт за педагогија*

**Научна област:** *дидактика, педагогија и методика*

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Назив на активноста: | Поени |
|---|---|
| **Одржување на настава за прв циклус студии** | |
| Општа дидактика 1 (ФФ/Институт за педагогија), (4+2), зимски 2012/2013<br><br>4 часа неделно*15 недели во семестар *0,04 | 2,4 |
| Методика на работа на училишниот педагог (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), зимски 2012/2013 | 1,8 |
| Училишна педагогија (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), зимски 2012/2013 | 1,8 |
| Промоција на здравје и здраствено воспитание (дел, педагогија и дидактика) (Студиска програма-Стручни медицински сестри/техничари, Логопеди, Радиолошки технолози и Физиотерапевти на Медицинскиот факултет во Скопје) (1+2/2гр.), зимски 2012/2013 | 1,2 |
| Општа дидактика 2 (ФФ/Институт за педагогија) (4+2), летен 2012/2013 | 2,4 |
| Педагогија (ПМФ) (2+2), летен 2012/2013 | 1,2 |

| | |
|---|---|
| Училишна докимологија (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), летен 2012/2013 | 1,8 |
| ИКТ во наставата(ФФ/Институт за педагогија), (3+2), летен 2012/2013 | 1,8 |
| Општа дидактика 1 (ФФ/Институт за педагогија), (4+2), зимски 2013/2014 | 2,4 |
| Методика на работа на училишниот педагог (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), зимски 2013/2014 | 1,8 |
| Училишна педагогија (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), зимски 2013/2014 | 1,8 |
| Промоција на здравје и здраствено воспитание (дел, педагогија и дидактика) (Медицински факултет) (1+2/2гр.), зимски 2013/2014 | 1,2 |
| Општа дидактика 2 (ФФ/Институт за педагогија) (4+2), летен 2013/2014 | 2,4 |
| Педагогија (ПМФ) (2+2), летен 2013/2014 | 1,2 |
| ИКТ во наставата (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), летен 2013/2014 | 1,8 |
| Специјална дидактика (ФФ/Институт за дефектологија), (3+1) летен 2013/2014 | 1,8 |
| Дидактика 1 (ФФ/Институт за педагогија), (4+2), зимски 2014/2015 | 2,4 |
| Училишна педагогија (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), зимски 2014/2015 | 1,8 |
| Методика на работа на училишниот педагог (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), зимски 2014/2015 | 1,8 |
| Промоција на здравје и здраствено воспитание (дел, педагогија и дидактика) (Медицински факултет) (1+2/2гр.), зимски 2014/2015 | 1,2 |
| Дидактика 2 (ФФ/Институт за педагогија), (4+2), летен 2014/2015 | 2,4 |
| ИКТ во наставата(ФФ/Институт за педагогија), (3+2), летен 2014/2015 | 1,8 |
| Специјална дидактика (ФФ/Институт за дефектологија), (3+1) летен 2014/2015 | 1,8 |
| Дидактика 1 (ФФ/Институт за педагогија), (4+2), зимски 2015/2016 | 2,4 |
| Училишна педагогија (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), зимски 2015/2016 | 1,8 |
| Методика на работа на училишниот педагог (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), зимски 2015/2016 | 1,8 |

| | |
|---|---|
| Промоција на здравје и здраствено воспитание (дел, педагогија и дидактика) (Медицински факултет) (1+2/2гр.), зимски 2015/2016 | 1,2 |
| Дидактика 2 (ФФ/Институт за педагогија), (4+2), летен 2015/2016 | 2,4 |
| Специјална дидактика (ФФ/Институт за дефектологија), (3+1) летен 2015/2016 | 1,8 |
| Училишна докимологија (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), летен 2015/2016 | 1,8 |
| ИКТ во наставата (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), летен 2015/2016 | 1,8 |
| Дидактика 1 (ФФ/Институт за педагогија), (4+2), зимски 2016/2017 | 2,4 |
| Училишна педагогија (ФФ/Институт за педагогија), (2+2), зимски 2016/2017 | 1,2 |
| Образовна технологија (ФФ/Институт за педагогија), (2+2), зимски 2016/2017 | 1,2 |
| Промоција на здравје и здраствено воспитание (дел, педагогија и дидактика) (Медицински факултет) (1+2/2гр.), зимски 2016/2017 | 1,2 |
| Студиска програма за стручно професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции/ППМ-доквалификација, наставен предмет *Педагогија* (3+2+1) летен и зимски семестар 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017<br><br>1,5 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 0,9*2 =1,8*4=7,2 | 7,2 |
| Студиска програма за стручно професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции/ППМ-доквалификација, наставен предмет *Училишна докимологија* (2+2+1) летен и зимски семестар 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017<br><br>1,33 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 0,798*2 =1,596*4=6,384 | 6,38 |
| Студиска програма за стручно професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции/ППМ-доквалификација, наставен предмет *Училишна организација* (2+2+1) летен и зимски семестар 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017<br><br>1,33 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 0,798*2 =1,596*4=6,384 | 6,38 |
| Студиска програма за стручно професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции/ППМ-доквалификација, наставен предмет *Педагошка комуникација* (2+2+1) летен и зимски семестар 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017<br><br>1,33 часа неделно * 15 недели во семестар * 0,04 = 0,798*2 =1,596*4=6,384 | 6,38 |

| Одржување на настава за втор циклус студии | |
|---|---|
| Воспитно-образовен процес (6) (ФФ/Институт за педагогија- Педагошки науки), зимски 2012/2013<br>6 часа во семестар *0,05 | 0,30 |
| Современи образовни технологии (5), (ФФ/Институт за педагогија- Менаџмент во образованието) зимски 2012/13 | 0,25 |
| Евалуација на воспитно-образовниот процес (4), (ФФ/Институт за педагогија- Педагошки науки) летен 2012/13 | 0,20 |
| Управување со квалитетот во образованието (5), (ФФ/Институт за педагогија- Менаџмент во образованието) летен 2012/13 | 0,25 |
| Комуникации во образовните организации (4), (ФФ/Институт за педагогија- Менаџмент во образованието) летен 2012/13 | 0,20 |
| Воспитно-образовен процес (8) (ФФ/Институт за педагогија- Педагошки науки), зимски 2013/2014 | 0,40 |
| Управување на квалитетот на образованието (8), (ФФ/Институт за педагогија- Менаџмент во образованието) зимски 2013/14 | 0,40 |
| Евалуација на воспитно-образовниот процес (4), (ФФ/Институт за педагогија- Педагошки науки) летен 2013/14 | 0,20 |
| Управување на квалитетот на образованието (4), (ФФ/Институт за педагогија- Педагошки науки) летен 2013/14 | 0,20 |
| Современи образовни технологии (4), (ФФ/Институт за педагогија- Менаџмент во образованието) летен 2013/14 | 0,20 |
| Комуникации во образовните организации (4), (ФФ/Институт за педагогија- Менаџмент во образованието) летен 2013/14 | 0,20 |
| Психолошко-педагошки основи за развој на квалитет во образованието и науката (3) (ФФ/ Менаџмент на човечки ресурси) летен 2013/2014 | 0,15 |
| Комуникации и водство во организациите (3) (ФФ/ Менаџмент на човечки ресурси) летен 2013/2014 | 0,15 |
| Воспитно-образовен процес (8) (ФФ/Институт за педагогија- Педагошки науки), зимски 2014/2015 | 0,40 |
| Управување на квалитетот на образованието (8), (ФФ/Институт за педагогија- Менаџмент во образованието) зимски 2014/15 | 0,40 |
| Комуникации во образовните организации (4), (ФФ/Институт за педагогија- Менаџмент во образованието) летен 2014/15 | 0,20 |
| Психолошко-педагошки основи за развој на квалитет во образованието и науката (3) (ФФ/ Менаџмент на човечки ресурси) летен 2014/2015 | 0,15 |
| Комуникации и водство во организациите (3) (ФФ/ Менаџмент на човечки ресурси) летен 2014/2015 | 0,15 |
| Воспитно-образовен процес (8) (ФФ/Институт за педагогија - Педагошки науки), зимски 2015/2016 | 0,40 |
| Управување на квалитетот на образованието (8), (ФФ/Институт за педагогија- Менаџмент во образованието) зимски 2015/16 | 0,40 |
| Современи образовни технологии (4), (ФФ/Институт за педагогија- Менаџмент во образованието) летен 2015/16 | 0,20 |
| Комуникации во образовните организации (4), (ФФ/Институт за педагогија- Менаџмент во образованието) летен 2015/16 | 0,20 |

| | |
|---|---|
| Воспитно-образовен процес (8) (ФФ/Институт за педагогија- Педагошки науки), зимски 2016/2017 | 0,40 |
| Управување на квалитетот на образованието (8), (ФФ/Институт за педагогија- Менаџмент во образованието) зимски 2016/17 | 0,40 |
| **Одржување на вежби** | |
| Општа дидактика 1 (ФФ/Институт за педагогија), (4+2), зимски 2012/2013<br><br>2 часа неделно*15 недели во семестар *0,03 | 0,9 |
| Методика на работа на училишниот педагог (ФФ/Институт за педагогија), (3+2/2гр.), зимски 2012/2013 | 1,8 |
| Училишна педагогија (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), зимски 2012/2013 | 0,9 |
| Промоција на здравје и здраствено воспитание (дел, педагогија и дидактика) (Медицински факултет) (1+2/2гр.), зимски 2012/2013 | 1,8 |
| Општа дидактика 2 (ФФ/Институт за педагогија) (4+2), летен 2012/2013 | 0,9 |
| Педагогија (ПМФ) (2+2/2гр.), летен 2012/2013 | 1,8 |
| Училишна докимологија (ФФ/Институт за педагогија), (3+2), летен 2012/2013 | 0,9 |
| ИКТ во наставата(ФФ/Институт за педагогија), (3+2), летен 2012/2013 | 0,9 |
| Општа дидактика 1 (ФФ/Институт за педагогија), (4+2), зимски 2013/2014 | 0,9 |
